Национална установа
Библиотека „Кочо Рацин"
Бр. 02-60/1
17.04.18
Тетово

НАЦИОНАЛНА ИНСТИТУЦИЈА | INSTITUCIONI NACIONAL | NATIONAL INSTITUTION
БИБЛИОТЕКА | BIBLIOTEKA | LIBRARY
"КОЧО РАЦИН | KOÇO RACIN"

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и 21 став (1) точка 1 од Статутот на НУ БИБЛИОТЕКА"КОЧО РАЦИН"-ТЕТОВО бр.0101-54/1 од 24.06.2015 година, а во врска со членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за култура ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18) и членовите 1 и 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за култура ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18), Управниот одбор на НУ БИБЛИОТЕКА "КОЧО РАЦИН"-Тетово на седницата одржана на ден 17.04.2018 година, ја донесе следната

Одлука за изменување и дополнување

На Статутот на НУ БИБЛИОТЕКА" КОЧО РАЦИН"-ТЕТОВО бр.0101-54/1 од 24.06.2015 год

Член 1

Во Статутот на НУ Библиотека" Кочо Рацин"-Тетово бр.0101-54/1 од 24.06 .2015 година во членот 12 ставот (3) се брише.

Член 2

Во членот 14 став (1) точка 3) зборовите „областа на општествено-хуманитарните науки" се заменуваат со зборовите „научното подрачје на општествените или хуманистичките науки".

Точката 4) се менува и гласи:

„4) да има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело."

Точката 6) се брише.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр,11/18) до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

Булевар Илириа, 1200 ТЕТОВО | Bulevardi Iliria p.n. 1200 TETOVË
Bulevardi Iliria p.n. 1200 TETOVO
Tel. 044 338 797 | Fax. 044 352 780
www.nubkrte.org.mk

(3) На директорот кој нема да го исполни условот за познавање странски јазик во рокот утврден во став (2) на овој член му престанува мандатот."

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од министерот за култура, а ќе се објави на огласната табла на Библиотеката.

Образложение

Собранието на Република Македонија донесе Закони за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.11/2018).

Имајќи ги предвид донесените Закони, се наметна потребата за усогласување на Статутот на установата, и тоа во делот на општите услови утврдени со Законот за културата, кои треба да ги исполни лицето за да може да биде избрано за директор на установата како и во делот што се однесува на менаџерските договори и полагањето на психолошкиот тест и тестот за интегритет.

Имајќи го во предвид напред наведеното, Управниот одбор на Библиотеката одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател на УО

Мелек Јонузи